Бр: 10-120
Скопје: 02.12.2021

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-1309/1 од 15.11.2021 година (Наш број 10-120 од 16.11.2021 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 01.12.2021 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

Најавата за планиран инвестициски проект на Друштво за производство, трговија и услуги ТЕКНОПАНЕЛ ДОО Скопје, кој ќе се состои од инвестирање во производствен погон во ТИРЗ Скопје 1, поврзано со основање на ново претпријатие, каде капацитетот ќе биде наменет за производство на сендвич панели и стиропор е во согласност со Законот за контрола на државната помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на РМ“ бр. 109/13), под услов вкупниот интензитет на регионалната помош кој Друштво за производство, трговија и услуги ТЕКНОПАНЕЛ ДОО Скопје би ја добила од државата како индивидуална помош и /или преку шема на помош да не надминува 50% од оправданите инвестициски трошоци, со тоа што корисникот на помошта задолжително мора да учествува со најмалку 25% во финансирањето на проектот, согласно член 5 став 4 од Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош, а инвестицијата да се одржува најмалку 5 години по целосната реализација, согласно член 6 став 1 од Уредбата.

Во Барањето на мислење бр. 13-1309/1 од 15.11.2021 година наведено е дека за потребите на инвестицискиот проект, а во согласност со Законот за технолошки индустриски развојни зони, компанијата во рамки на инвестицискиот проект ќе реализира инвестиција во висина од 16.125.000 евра и ќе креира 120 нови работни места. Во барањето на мислење исто така е наведено дека во пакетот на мерки за планирано доделување на регионална помош, дел од мерките ќе се доделуваат во согласност со Законот за ТИРЗ а дел како индивидуална помош во согласност со Законот за контрола на државната помош.

Во врска со најавата за реализација на инвестициски проект на Друштво за производство, трговија и услуги ТЕКНОПАНЕЛ ДОО Скопје кој ќе се состои од инвестирање во производствен погон во ТИРЗ Скопје 1, поврзано со основање на ново претпријатие, давателот на државната помош е должен да поднесе известување за планирано доделување на индивидуална државна помош, согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош и Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за

доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојаната државна помош („Службен весник на РМ“бр. 142/11), како и на Образец I од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**